**20210691043**

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 85 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19) Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КАТАСТАРСКИ ПЛАНОВИ И ПЛАНОВИ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Член 1

Во Правилникот за катастарски планови и планови на инфраструктурните објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр.139/13 и 183/14), членот 69 став (1) се менува и гласи:

„(1)Податоците од извршениот премер на инфраструктурните објекти содржани во дигиталниот геодетски елаборат се изготвуваат во „*.xml/ *.gml“ формат со лиценциран софтвер, кој е во сопственост на Агенцијата (МАКЕДИТ), со структура која е компатибилна за импортирање на графичките и описните податоци од дигиталниот геодетски елаборат во базата на податоци во електронскиот катастар, а се визуелизираат преку планот на инфраструктурните објекти.

Член 2

Во членот 80 ставот (1) се менува и гласи:

„(1)Одржувањето на ДПИОВ се врши во базата на податоци во електронскиот катастар, во која промените се вршат со внесување на податоците од дигиталниот геодетски елаборат изготвени во „*.xml/*.gml“ формат со лиценциран софтвер, кој е во сопственост на Агенцијата (МАКЕДИТ), со структура која е компатибилна за импортирање на графичките и описните податоци од дигиталниот геодетски елаборат во базата на податоци во електронскиот катастар.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 0101-4616/1
22 март 2021 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
**Ирма Мандева,** с.р.